

# СТАНКО МИЦЕВ
# STANKO MICEV

# СТАНКО МИЦЕВ

Роден 1967 година во Скопје. Факултет за ликовна уметност завршил во Скопје во 1991 година, во класата на проф. Рубенс Корубин
Член на ДЛУМ од 1993 година.
Адреса: Ул. "Франклин Рузвелт" бр.63 - Скопје.
Тел. (091) 251-334.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ :**

Скопје, Галерија ЈАТ, 1992 година.
Скопје, Галерија ДЛУМ, 1994 година

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ :**

Скопје, Музеј на Македонија, 10-годишнина од формирањето на ФЛУ, 1991. Newcastle, Australia, Exhibition of students'works on Paper , University of Newcastle, 1991. Скопје Дом на АРМ, дипломирани студенти на ФЛУ, 1991 година. Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, новопримени членови на ДЛУМ, 1993 г.
Кавадарци, Скопје, Куманово, -
13 тиквешки ликовни уметници, 1993 г.

САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА - 1994-1995 : КАВАДАРЦИ
НЕГОТИНО
Т. ВЕЛЕС
КУМАНОВО

Станко Мицев : "Копнеж", 1994, масло на платно, 58 × 58

## ИЗВАДОЦИ:

### ПРВОБИТНИОТ ЈАЗИК НА СТАНКО МИЦЕВ

. . . По начинот на кој што од него излегуваат и се пластат боите , по начинот на кој камшикува и сече цртежот , Станко Мицев покажува дека тој и како суштество и како вокација - друг јазик освен сликарството нема. Нема ни промисла ни програма во неговото определување за овој израз што некој можеби ќе го нарече неоекспресионизам. За него чинам дека сликата е далеку од тоа да посака да биде поим, а уште помалку да биде фраза. Имам впечаток ( што е малку чудно за млад човек ), едуциран во мошне конвенцијоналните, да да не кажам баналните рамки за нашата педагошка средина , дека целата слика за него е само еден гест. Без оглед дали тргнал од еден видлив мотив, дали поминал на една внатрешна гримаса или на некаква имагинарна маска, и дали можеби сé не отишло во некаква непрепознатлива, драматично интонирана сликарска структура, Мицев ја прави видлива за нас пред сé сликата што го измачува и што мора да се појави. Оваа неопходност е најдрагоценото нешто што ни го нуди ова сé уште младо, бујно и секако веќе артукулирано по својот интензитет, сликарство.

За мене лично во тоа е и неговата иднина . . .

Глигор ЧЕМЕРСКИ

### THE PRIMAL LANGUAGE OF STANKO MICEV

. . . Throught the manner in which he emanates and pastes colors up to the way in which he slashes and cuts the drawing, Stanko Micev proves that both as a human being and as a vocation he possess no other language than of the art of painting.There is no determination nor program in his oommitment to this expression that some may call neo-expressionism. To him, I believe, that the painting is far from pretending to be a concept, let alone a phrase. I am under the impression ( which is somewhat strange for a young man educated within the truly conventional not to mention mediocre nature of our pedagogical environment), that he perceives the entire painting as no more than a gesture.Regardless if his starting point is a visible motif, or if he has passed on to an inner grimace or an imaginative musk, and if perhaps all has turned into a vague, dramatically tuned artistic structure, Micev depicts clearly the image that tortures him and that must appear.This necessity is something most valuable offered to us by an art that is youthful , intense and certainly well articulated in its intensity.
Personally, I find this to be his future . . .

Gligor CEMERSKI

### НОВА УБАВИНА

. . . Делата на Станко Мицев зборуваат за една немирна личност, полна со творечки пориви , запрашана пред убавините на светот и човекот, со амбиција да пронајде свој израз и така да го заплисне светот со нова убавина и доживувања. Тие дела се творби на еден вреден и дисциплиниран работник, но храбар истражувач на формата, со висока уметничка морална доблест она што го прави да го направи најдобро можно и она што е добро да го изложи на судот на јавноста, каде што и му е местото на секое дело од рацете на оној кој професионално се определил да учествува во уметничкото обликување на светот . . .

Кирил ТЕМКОВ

### NOVEL BEAUTY

. . . The works of Stako Micev depict a restless personality full of creative strives, stunned by the beauties of the world and mankind, with an ambition to discover its own expression and hence to enwrap the world with novel beauty and experiences. These are the works of a diligent and disciplined worker, yet courageous researcher of form, with high artistic and ethic values, implying that whatever he endeavoars is his best, therefore to be exposed to public scrutiny, which is the venue of each work of a professional determined to participate in the artistic formation of the world . . .

Kiril TEMKOV

ПЕЧАТНИЦА
ИНТЕРГРАФИКА
СКОПЈЕ